# ЕВРОПА ИМ ОДДАДЕ ДОЛЖНО ПРИЗНАНИЕ НА УСПЕШНИТЕ МАКЕДОНЦИ



Европа прославуваше, го славеше својот ден, Македонија нема што да слави, но секогаш е подготвена да им се придружи на славениците. Така, беше и овој 9 мај 2006 година и тоа во хотелот "Александар палас" во Скопје, Р Македонија, каде свечената академија ја организираше Европското движење. Во таа пригода на маестро Борис Трајанов му беше доделено признание за неговиот придонес, преку оперското пеење, надалеку и секаде во светот да се слушне за нас.

"Ценејќи го нашиот дух Европејците не можеа а да не видат како преку карикатурата ние граѓаните на Македонија умееме да се насмееме сами на себе, но и на нив. А кога карикатурата е во прашање неделникот 'Македонско сонце' и јас како негов карикатурист не можевме, а да не бидеме најдобри", вели добитникот на признанието на овој Евроден, карикатуристот Мирослав Георгиевски-Миро.

# ВО ЕУ ПРЕКУ КАРИКАТУРИСТОТ И ОПЕРСКИОТ ПЕЈАЧ













